**Заклучок:** кога постоии сомнение за бактериска инфекција при акутна егзацербација на ХОББ, определувањето на PCT и CRP може да ни помогне во одлуката за отпочнување со антибиотска терапија и следење на ефектот од истата.

## PP2 ПУШАЧКИ СТАТУС КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ТЕШКИ АКУТНИ ЕГЗАЦЕРБАЦИИ НА ХОББ И СООДНОС СО НИВНАТА ЕТИОЛОГИЈА

**И. Ангеловска**[1], З. Арсовски[1],С. Пејковска[1], Д. Каркински[1], А. Дебрешлиоска[1], М. Милетиќ[1], А. Груева-Каранфилова[1], И. Исмаили[1], С. Филкова[2], Б. Бојаџиева-Стојановска[3], Б. Попоска[1], Д. Докиќ[1]

[1]ЈЗУУ Клиника за пулмологија и алергологија, Скопје

[2]ЈУ за потребите на универзитетските клинки,институти и ургентен центар-Скопје

[3]Институт за анатомија, Медицински факултет,Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје

**Вовед:** Пушењето е еден од главните фактори за развој и прогресија на хроничната опструктивна белодробна болест,според тоа неговото влијание кај акутните егзацербации на ова заболување би било значајно. Добро е познато дека тешките егзацербации на ХОББ се индикатор за лош исход и зголемен морталитет кај овие пациенти.

**Цел:** Целта на студијата беше да се анализира пушачкиот статус кај пациенти со тешки акутни егзацербации на ХОББ и да се одреди односот со детектиранитте инфективни причинители како етиолошки фактор на егзацерацијата.

**Материјали и методи:** испитувани беа 49 пациенти, мажи n=32(65,3%), жени n=17(34,7) хоспитализирани заради акутна егзацербација на ХОББ на Универзитетската клиника за пулмологија и алергологија , Скопје, во период од 2 години. Пушачкиот статутс беше одреден со самоизајснување за почеток на пушење, број на испушени цигари на ден и години на пушење и беше пресметувана мерката кутија/години како нумеричка вредност за експозиција на цигари . Етиологијата на инфективните причинители на акутната егзацербација на ХОББ беше одредувана со помош на PCR базирана метода која овозможува брза детектирање на 34 причинители (типични, атипични бактерии и вируси како и гени на резистенција) во еден примерок од спутум со помош на долно респираторен панел.

**Резултати:** Од вкупно 49 пациенти, пушачи беа 41(83,7%) и тоа од нив актуелни пушачи 18(36,7%) и поранешни пушачи 23 (46,9%).





Scanned with CamScanner

Просечната возраст на почеток на пушење беше 17,66 ± 6,81 години, должина на пушењето 40,98 ± 11,01 години, број на испушени цигари на ден беше 29,51 ± 12,78. Беше најдена поголема преваленцата на поранешните пушачи ( OR=1,3) кај пациенти со тешка егзацербација на ХОББ. Не беше најден значаен соднос на пушачкиот статус со детектирани n=25 и недетктирани n=24 респираторни патогени од спутум како можен етиолошки фактор кај овие пациети и тоа во однос на должина на пушење(години), 39,43 ± 10,56 кај детектирани, p= 0,379 и број на испушени цигари на ден 28,33 ± 14,43 кај детектрани, p=0,289

**Заклучок:** Во нашата судија не беше најден значаен соднос на пушачкиот статус со дектираниот инфективен респираторен патоген како причинител на акутната егзаербација на ХОББ. Поранешните пушачи беа предоминатни со што би заклучиле дека и покрај престанок со пушење долготрајните негативни ефекти на тутунскиот чад, имаат голема улога како во прогресијата на болеста но и во тежината на егзацербациите кај пациентите со ХОББ.

**Клучни зборови:** пушење, респираторни патогени, егзацербации , ХОББ, PCR

## PP3 ХРОНИЧНИ РЕСПИРАТОРНИ ЕФЕКТИ ПОВРЗАНИ СО ПРОФЕСИОНАЛНАТА ЕКСПОЗИЦИЈА КАЈ ПЕКАРСКИ РАБОТНИЦИ

**И. Величковска**[1], А. Ристова-Попоски[2], С. Столески[1]

[1]Институт за медицина на трудот на РСМ - Скопје, СЗО Колаборативен центар

[2]ПЗУ Поликлиника Медика Плус - Скопје

Цел на трудот. Да се процени зачестеноста на хроничните респираторни симптоми во последните 12 месеци, спирометриските промени и бронхијална хиперреактивност (БХР) кај група пекарски работници. Материјал и методи. Изведена е студија на пресек која вклучи 58 пекарски работници, 36 мажи и 22 жени, со просечна возраст од 37,6± 6,4 години и должина на професионалната експозиција од 13,1± 5,4 години. Резултатите беа споредувани со контролна група составена од 55 канцелариски работници (32 мажи и 23 жени, со просечна возраст 38,1± 5,6 години). Евалуацијата на испитаниците вклучи пополнување на прашалник, спирометрија и неспецифичен бронхопровокативен тест со хистамин. Резултати. Зачестеноста на хроничните респираторни симптоми во последните 12 месеци беше повисока кај пекарските работници (46,7% vs. 34,2%) со статистички значајна разлика за кашлицата со искашлување

Е-ПОСТЕР СЕСИЈА



Scanned with CamScanner